# З А П И С Н И К
## од одржаната 2. седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија

Втората седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија се одржа на 20.02.2026 година, во Канцеларијата за млади во Гевгелија, со почеток во 10:30 часот.

На седницата присуствуваа членовите: Валентина Ангелова, Благица Ступар, Анастасија Шопова, Ангел Аевски, Кристијан Алчинов.

Претседателката Валентина Ангелова ја отвори седницата и констатира дека се исполнети условите за полноважно работење и одлучување.
За работа на седницата беше предложен и едногласно усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. Избор на записничар и двајца оверувачи;
2. Усвојување на записникот од 1. конститутивна седница на ЛМС на ОГ;
3. Иницијатива за поднесување на предлози: Организација на културни и спортски настани од страна на локални младински совети кои ќе бидат поддржани од Делегацијата на Европската Унија во земјата;
4. Разно.

По првата точка од дневниот ред, за записничар беше избрана Благица Ступар, а за оверувачи на записникот беа избрани Ангел Аевски и Кристијан Алчинов.

По втората точка од дневниот ред, членовите на Локалниот младински совет го разгледаа Записникот од првата конститутивна седница на ЛМС на ОГ и истиот беше едногласно усвоен без забелешки.

По третата точка од дневниот ред, претседателката Валентина Ангелова ги информираше членовите на Локалниот младински совет за добиениот повик од Делегацијата на Европската Унија, кој се реализира во рамки на проектот „Organization of Cultural Events in the Republic of North Macedonia“, спроведуван од ИМИКА ДООЕЛ, за поднесување предлози за организација на културни и спортски настани од страна на локалните младински совети во Република Северна Македонија.

Во информацијата беше наведено дека повикот е насочен кон поддршка на младинското учество, промоција на европските културни вредности, културната разновидност и интеркултурниот дијалог, како и поттикнување на младите активно да учествуваат во креирањето на културни и спортски содржини во локалните заедници.
Членовите беа запознаени дека преку повикот Локалните младински совети можат да предложат и реализираат:

- културни настани, како фестивали, концерти, изложби, перформанси, филмски проекции, книжевни настани, креативни работилници и изработка на мурали;
- спортски активности, натпревари и рекреативни содржини;

- други младински активности кои придонесуваат за креативност, тимска работа и младинска соработка.

Претседателката ги информираше членовите дека предложените активности треба да се реализираат во периодот од април до септември 2026 година, а максималниот износ на финансиска поддршка за еден предлог-проект изнесува 3.000 евра, односно 184.500 денари.

Воедно, членовите беа запознаени дека предлогот треба да содржи пополнета апликациска форма, опис и цел на активностите, како и детален буџет со преглед на трошоци по ставки. Беше образложено дека прифатливи трошоци се изнајмување техничка опрема и простор, изработка на промотивни материјали, ангажман на изведувачи, уметници, модератори и технички лица, како и кетеринг и набавка на потребни материјали и реквизити за реализација на настаните.

Членовите беа информирани и за онлајн информативната сесија организирана од ИМИКА за локалните младински совети, како и за рокот за доставување на апликациите на електронската адреса imika@imika.com.mk, најдоцна до 2 март 2026 година.

Во рамки на дискусијата, членовите оценија дека повикот претставува значајна можност за афирмација на младите во Општина Гевгелија и за реализација на активности кои ќе придонесат за поголема младинска вклученост, културен развој и меѓусебна соработка.

По спроведената дискусија за можните активности, Локалниот младински совет донесе заклучок да се подготви предлог-проект со кој, во соработка со службеникот за млади и Општина Гевгелија, ќе аплицира на повикот на Делегацијата на Европската Унија. За изработка на предлог-апликацијата беше одреден Кристијан Алчинов, во соработка со службеникот за млади.

Во рамки на точката „Разно“, членовите разговараа за потребата од поголема вклученост на младите во локалните активности и за унапредување на комуникацијата со младинските организации и неформални групи на млади.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, претседателката ја затвори седницата во 11:35 часот.

**Претседател**
**на ЛМС на ОГ,**

Валентина Ангелова
с.р.

19-290/5
27.02.2026 г.
Гевгелија

Записничар,
Благица Ступар, с.р.

Оверувачи на Записникот,
1. Ангел Аевски, с.р.
2. Кристијан Алчинов, с.р.